Република Северна Македонија
Општина Штип
Совет на општината
Број 08 –4161/1
04.07.2024 година
Ш т и п

До

____________________________

____________________________

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), член 19 став 2 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 , 13/14 и 5/21) и член 38 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 07/05),

**С в и к у в а м**

Четириесет и деветa седница на Советот на Општина Штип за **11 јули 2024 година (четврток)** со почеток во **10, 00 часот**.

Советот на Општина Штип ќе работи по следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Предлог-одлука за одобрување финансиски средства за кофинансирање на проектот „Бетонирање на улицата АСНОМ во населба Света Недела и пост ковид активности за возрасни и туторство за децата Роми".
2. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за учествона Општина Штип во реализацијата на проектот „Штип и Берово за подобрување на условите за живот на ромските заедници".
3. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за асфалтирање на крак од улица Панко Брашнаров во должина од 230 м, по проект „Заедно за просперитетна заедница".
4. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП бр.2608/1 КО Штип 2 со намена на бесправно изградениот објект.
5. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП бр.1672/12 КО Караорман, со намена на бесправно изградениот објект.
6. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за усогласување на намената на

земјиштето на КП бр.1672/13 КО Караорман, со намена на бесправно изградениот објект.

7. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП бр.1272 КО Штип 1 со намена на бесправно изградениот објект.
8. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко –планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП бр.169 КО Сарчиево со намена на бесправно изградениот објект.
9. Предлог-Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 611(нова состојба КП 611/3) КО Штип 1.
10. Предлог-одлука за утврдување на нацрт Детален урбанистички план на дел од Урбана единица Ц.Е.01.01 Општина Штип.
11. Предлог-одлука за утврдување на нацрт Детален урбанистички план дел од четврт СИ 07, Општина Штип.
12. Предлог-одлука за утврдување на нацрт Детален урбанистички план за урбана четврт СИ 07.05 И СИ 07.10 од ГУП на град Штип,со намена домување,Општина Штип.
13. Предлог-заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП.43 и ГП.50 формирани со ДУП на индустриска зона „Север“ КО Штип 1, Општина Штип.
14. Предлог-заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација заза формирање на ГП 10.2.1 со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и формирање на ГП 10.2.2 со намена Е 1.8 - трансформаторски станици, Општина Штип.
15. Предлог-програма за дополнување на програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2024 година.
16. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за лекување.
17. Предлог-одлука за еднократна парична помош за причинета штета од пожар.
18. Барање од Литературен клуб Искра за издавање зборник со песни „10.поетски поздрав на четрсе-Штип 2024“.
19. Барање финансиски средства за издавање на книга на Анастасија Атанасова.
20. Барање за финансиска помош од дуо Хармоники - проф. м-р Тони Лазаров и проф. Милан Коцев од Штип за организирање на четврти Хармоникашки концерт во Штип.
21. Барање за финансиска помош од дуо Хармоники - проф. м-р Тони Лазаров и проф. Милан Коцев од Штип за снимање на аудио и видео запис на музика за хармоника.
22. Барање за финансиска помош од Градски камерен хор АСТИБО-Штип за активности од Годишната програма на здружението за 2024 година.

23. Барање за финансиска поддршка за организација, реализација и промоција на Фестивал на песни за деца „Весело штурче“- 2024.
24. Барање за финансиска помош од Здружение-Културно уметничко друштво „Тоска ЏБС“-Штип за учество на Интернационален фолклорен фестивал во Рио Гранде, Бразил.
25. Барање за финансиска поддршка од Тони Манев, за учество на планинска трка на Алпите во Швајцарија.
26. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на Општина Штип за членство во „АСТЕ-Асоцијација на Европски текстилни колективи“.
27. Советнички прашања.

Седницата ќе се одржи во салата на Советот на Општина Штип.

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова с.р.

*Одделение за правно нормативни работи и поддршка на советот*
*Раководител*
*Маре Каранакова*